# IDEAS ABOUT THE ETHNOGENESIS OF THE MACEDONIAN PEOPLE BEFORE 1944

**Stojko Stojko, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**stojko.stojkov@ugd.edu.mk**

**Verica Josimovska, Ph.D.**
Institute of History and Archaeology, FES, Goce Delcev University
**verica.josimovska@ugd.edu.mk**

**Publisher info:**

**Title:**
Review of the Institute of History and Archaeology RIHA
**web address:**
http://js.ugd.edu.mk/index.php/RIHA

**ISSN: 2671-3144**
**eISSN: 2671-3152**

**First Published: 2010**

**Subject:**
history, archaeology, anthropology
history of art, ethnology,
other humanities

**Publisher:**
Institute of History and Archaeology
FON, Goce Delcev University

**Editor in Chief:**
Ljuben Tevdovski
Goce Delcev University, Macedonia
ljuben.tevdovski@ugd.edu.mk

**Editorial Board:**
Todor Chepreganov
Goce Delcev University, Macedonia
Nevena Trajkov
Florida International University, USA
Trajce Nacev
Goce Delcev University, Macedonia
Jaromir Benes
Univer.of South Bohemia, Czech Republic
Stojko Stojkov
Goce Delcev University, Macedonia
Aleksandar Bulatovic
Institute of Archaeology, Serbia
Verica Josimovska
Goce Delcev University, Macedonia
Svetla Petrova
Bulgarian Academy of Sciences, Bulgaria
Oliver Cackov
Goce Delcev University, Macedonia
Martin Husar
Constantine the Philosopher University, Slovakia

## Abstract

This paper analyzes the key texts written by Macedonians, appearing in the period before 1944, that treat and argue upon the idea of a Macedonian nation, its appearance and development from an ethno-national position. In other words, it elaborates upon the idea of the ethnogenesis of the Macedonian people and nation. The paper analyzes the context and conditions in which this idea and the related concepts were developed and presented, emphasizing the absence of external support, domestic and supportive national institutions and the conditions of aggressive expansionism of the neighboring nationalisms. The authors focus their attention no particular texts, such as: the essay on the Macedonian question, written by Slavejkov, Pulevski's History, Misirkov's 'On Macedonian Affairs', and two texts written by Vasil Ivanovski. The fate and fortunes of these works: being unpublished, attempts to be destroyed, written in prison or published in distant foreign countries are analyzed as symptoms, which are indicating the conditions of the development of the Macedonian nation in the century before the creation of the Macedonian state.

## Keywords:

Macedonian nation, conditions, ethnogenesis, lack of support and institutions, neighboring nationalisms.

## Theme/s:

Macedonian history, Nationalism and Identities

**Доц. д-р Стојко Стојков**
**Доц. д-р Верица Јосимовска**

# ИДЕИТЕ ЗА ЕТНОГЕНЕЗА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ПРЕД 1944

*Абстракт*

Овој труд ги обработува клучните текстови напишани од Македонци, а настанати во времето пред 1944 г. кои ја третираат и аргументираат идејата за македонската нација, нејзината појава и развој од етно-национална позиција. Т.е. идејата за етногенезата на македонскиот народ и нација. Елаборирани се и условите и контекстот во кој овие идеи се појавуваат и се презентирани, а пред се отсуство на надворешна поддршка, на сопствени национални институции и во услови на национална „агресија“ од соседските национализми. Во фокусот на внимание се идеите забележани во статијата по македонското прашање на Славејков од 1871 г., во Историјата на Георгија Пулевски (1892), во За македонцките работи на К. П. Мисирков (1903) и трудовите на Васил Ивановски: Зошто ние македонците сме посебна нација (1934) и неговата историја напишана во бугарски затвор во 1943 г. Судбината на овие дела: необјавени (Пулевски), уништувани (Мисирков), објавувани далеку во странство или пишувани во затвор(Ивановски) се јасен симптом за условите во кои се развива македонската нација во векот пред создавање на македонската држава.

***

Идејата за етногенеза,карактерна за сите национални историографии не се третира повеќе како сериозна научна концепција,[1] но тоа не ја намалува нејзината

[1] За различните приоди при третирањето на етницитет, национализам и толкувањето на поимот етнос во науката види: B. Grafenauer, Srjednovekovna etnička struktura prostora jugoslovenskih naroda i odnos između osnovnih etničkih jezgara kasnijih naroda, Jugoslovenski istoriski časopis, Beograd 1988, s. 17-24; Pohl Walter, Conceptions of ethnicity in Early Medieval studies, Archaeologia Polona, vol. 29, 1991, p. 40-49; Concpets of National Identity in the Middle Ages, Leeds, 1995; Geary Patrick, The myth of nations, the medieval origin of Europe, Princeton and Oxford, 2003, Мария Тодорова, Етнос, национализъм и комунистическото наследство в Източна Европа, Либерален преглед 29 Март 2013, http://librev.com/index.php/2013-03-30-08-56-39/discussion/bulgaria/1962-2013-03-29-10-47-42. За поимот

важност за разбирањето на начините на кои се гради национална свест и идеологија. Имено од таков агол овде ќе бидат разгледани идеите за независна етногенеза на македонскиот народ пред формирањето на НР Македонија во 1944 г. Тие се важни не како научни објаснувања, туку како симптом за постоење на стремеж за издвојување и оформување во посебна македонска нација на Балканот. Притоа овде се разгледуваат само идеите на македонскиот етнонационализам, оставајќи ги настрана не помалку интересните и испреплетени појави на македонскиот автохтонизам и на македонскиот политички национализам (сепаратизам)..

Сите Балкански нации се родиле во 19 или 20 век, но во настојувањата за национална афирмација и државно конституирање сите се повикале на славно државно име и традиција од древноста.[2] Тоа се извршило преку креирање на национални митови, а потоа и постулирање врска со митскиот предок преку конструирање на митови за потеклото (етногенеза).[3] И националните митови и теориите за етногенезата си поставувале и служеле на иста цел – да го аргументираат правото на постоење и држава и да инспирираат воодушевување и вера во остварливоста на националниот проект преку повикување на славното и херојско минато.

Независно од извесна мера на задоцнетост, обусловена од објективни причини (изолираност и внатрешност во Османлиската империја) македонскиот национализам не прави исклучок. Притоа неговиот развој и идеите кои ги носи не никнуваат на празно место туку позајмуваат сфаќања и концепции од идеи-претходници, меѓу кои

етногенеза и проблематичноста на коцепцијата види кај Сима Ћирковић, Работници, војници, духовници, Друштва средновековниог Балкана, Београд, 1997, 172 - 174

[2] Види Уилям Хейгън, Смъртоносните национализми на Балканите, Либерален преглед, 11 Декември 2012, http://librev.com/index.php/2013-03-30-08-56-39/prospects/europe/1878-2012-12-11-19-04-16: „Сите балкански нации се родени во XIX и раниот XX в. како иредентистички нации .... кои се стремат да си ги ослободат „неослободените“ национални „замислени заедници“ и тие „се појавуваат од вековите на османлиска власт без речиси ништо друго освен оваа очајничка желба за национален идентитет“. Кристина Кулури, Тиранията на историята, Либерален преглед, 21 Април 2009, http://librev.com/index.php/prospects-europe-publisher/553-2009-06-17-07-33-13, користена на 16 декември, 2016 г. во балканските учебници по историја: „трајноста на нацијата се докажува преку континуитетот на државноста (сите современи национални држави бараат свои претходници во античките, средновековни и модерни времиња)“.

[3] Атила Пок, Политическите употреби на исторически митове и създаването на омраза, Либерален преглед, 14 май 2013, http://librev.com/index.php/2013-03-30-08-56-39/discussion/europe/2055-2013-05-14-14-30-44, „историските митови“ се не само фантазии туку и „добро изработени инструменти, кои се користат и злоупотребуваат во процесите на политичка легитимација“. За улогата на државата во креирањето на национални митови види Проева, Националните митови, 120.

секако најважна е идејата за македонскиот авохтонизам, т.е. убедувањето дека современото население во Македонија потекнува од античкото и дека името Македонци му припаѓа наред со други историски имиња.[4]Освен тоа појавата на македонската национална идеја под македонско име е последица од осознавање на одредени интереси кои преку неа требало да се реализираат а имено: создавање литературен јазик на база на македонските говори (како најчисти словенски)[5] и обнова на укинатата во 1767 г. Охридска архиепископија. Реализацијата на овие интереси можела да се постигне под три различни славни историски имиња: словенско, бугарско и македонско, секое од кои имало свои традиции во македонското минато. Во средината на 19 в. меѓутоа станало јасно дека под првите две нема да можат да се реализираат овие туку други цели: плановите за голема словенска нација се покажале ефемерни, а под бугарското име се реализирале други цели: создавање на литературен јазик базиран на источно-балканските словенски дијалекти и да се создаде друга а не Охридската црква.Имено тогаш се појавуваат „македонизмот“ и „македонистите“ кои тежнееле да ги постигнат изворните цели под македонско име – притоа тие не се нови луѓе туку се дел од истите кои претходно настојувале за постигнување на спомнатата програма под словенско и(ли) бугарско име..

И така, со појавата на барањето за афирмирање на македонска нација се појавува и *македонското прашање* и истото е забележано од бугарски националисти како Славејков околу 1860 г. Во 1871 г. истото е дебатирано во бугарскиот печат, а со него се забележани и првите аргументи и мислења поврзани со идејата за независна македонска етногенеза.

[4]Оваа идеја е присутна во Македонија најдоцна од 18 в. Види двете Зографски истории, едната од 1860-те години (Йордан Иванов, Български старини из Македония, София 1970, 2-ро фототипно издание, с. 630, 631) а втората од 1892 г. (Историія во кратцѣ о болгарскомъ народѣ словенскомъ, сочинися и списася въ лѣто 1792 Спридономъ іерсхимонахомъ, стъкми за издание В.Н. Златарски, София 1900). Види за употребата на името Македонец и Македонија во 18 – 19 в. кај Милка Здравева, Именувањето на населението во Македонија во XVIII и во првата половина на XIX в., Македонскиот идентитет низ историјата, Скопје, 2008, 97 - 107

[5]Славејков ќе се жали дека според македонистите макеоднското наречие е поблиско до словенскиот јазик додека бугарското е измешано со татаризми. Спореди кај Пулевски во Речник од три јазика: „Дека с македонскиод јазик је најсроден со црковнославјанските книги и тој е је старославјенски“ (Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. 1, Скопје, 1981, 210, 271

*Сфаќањата за етногенезата кај раните македонисти*

Петко Славејков во 1871 г. напишал статија под наслов „Македонското прашање“ во кое ги забележал идеите на македонските националисти, кои прв ги нарекува „македонисти“. Нивните идеи се очигледно во рана фаза на развој. Според него и по десетина години откако ги забележал мислењата на „македонистите“ во однос на нивното потекло тие сеуште немаат единство, а ниту имаат развиена аргументација, но сепак „македонистите“ упорно држат на тоа дека се посебна нација „македонци, потомци на древните македонци“ и дека тие „ся делят от българите“ на база на потеклото. Од една страна на база на нивното инсистирање на потеклото од античките Македонци, кое што тие го аргументирале со„местото, дето живеят“, „като са живели старите македонци на тези същите места, защо и днешните жители да не са от македонска кръв? Те са цели македонци“. Друга основа по која се разграничувале од Бугарите е зашто тие се „чисти славене, а българете са татаре“, освен тоа затоа што Бугарите биле „Шопи“ (употребено во навредлива смисла). Трета основа била разликата меѓу бугарското и македонското „наречие“ од кои „първото било по-близу до славенский язик, а второто било размесено с татаризми и пр.“ Поважно за нашата статија е дека тие во јазичната разлика гледале нешто повеќе: „различието на наречието … е следствие … на различно произхождение“.[6]

И така гледаме дека во моментот кога бугарското име се исполнило со содржина која не можела да се припознае како *наша* тврдењето *ние сме Бугари* се трансформира во *ние не сме Бугари*. Притоа некогашните претстави за потеклото на луѓето во Македонија во основа не се менуваат – тие се Словени и се древни и автохтони. Она што е отстрането од поранешните етапи на етногенеза е едно од имињата, а имено поимот Бугари / Болгари, кој повеќе не може да биде идентификуван како *наш*, туку како *туѓ*. Луѓето во Македонија се јавуваат директни потомци на античките Македонци, кои биле чисти Словени и затоа јазикот во Македонија е зачуван како чисто словенски. Клучните аргументи за „македонистите“ се јавувале територијата и разликата во јазикот. Всушност идејата дека денешните Македонци потекнувале од

[6]Интернет публикацијата на трудот на Чочо Билярски, Петко Рачев Славейков и скандала по македонския въпрос в българският възрожденски печат през 70-те години на XIX в. документ№ 4: „мненията на македонистите немат ни зрелост, ни еднаквост. Един говори още едно, друг говори друго, което му са види по-добро.“ Статијата на Славејков ја има во факсимил и транслитерација и во Википедија. Види и македонски превод во Документи 1, с. 207 - 210

античките, не само што била постара идеја во Македонија, но и извонредно популарна[7] и таа продолжувала да се застапува на оваа етапа и од барем дел од оние дејци во Македонија кои продолжувале да се залагаат за изградба на поголема заедничка нација со Бугарите.[8]

Во 1874 г. Славејков во своите писма од Македонија до бугарскиот егзарх пак зборува за тесната љубов на Македонците кон нивната татковина и за разликата во јазикот на која тие држат.[9] Во 1875 г. Ѓорѓија Пулевски јасно определува дека Македонија е татковина на македонскиот народ и тоа во многу јасна етнонационална смисла.[10]

Пулевски во 1892 г. ќе ја даде првата поподробна шема за етногенезата на македонскиот народ[11] Во основа таа се јавува надградување на идеите на „македонистите" чиј претставник бил самиот Пулевски: Македонците се чисти Словени кои потекнуваат од старите Македонци. Макар првата историска книга на која се повикува Пулевски во својата историја да е имено онаа на Мавро Орбини, неговата верзија има многу малку општо со неа. Според него македонскиот народ се појавува од потомците на Јафет преку неговиот шести син Мосх (кого го идентификува со Москва)

[7]Античка Македонија со Александар го наоѓаме во говорите на Прличев од 1883 г. во Охрид: „да ги учат вашите деца да станат добри граѓани и да си ја подигнат татковината, оваа убавица Македонија, оваа топла и благодатна Македонија, оваа плодовита Македонија, која ги родила светите Кирил и Методија. Не сте ли уверени, господа, оти нашата Македонија денеска е најдолна од сите земји во светот? Не е ли голем срам за Македонците, кои едно време преку Александра Великаго го покорија целиот свет и го натераа да гувее пред македонскиот престиж, кои после преку светите Кирил и Методија покрстија милиони Словени и ги просветија, денеска ние да бидеме најдолни од сиот свет во просвештението..." ..... и вер. 1885 г. пред учителите во Солунската Гимназија: „Майка Македонія много е ослабнѫла. Откако породи великаго Александра, откако породи св. св. Кирила и Методія, оттога майка Македонія лежи на леглото си ужасно изнеможена, совършенно примрѣла. Майка что родила великаго сына, надали ке може да роди и другего..." (Слово на Григор Пърличев дръжано по времето, когато е бил учител в Солунската българска мъжка гимназия в Солун. Обнародвано от Кирил Пърличев (революционер на ВМОРО и син на Григор Пърличев) в „Македонски прегледъ", година IV, кн. 2, София, 1928, с. 116., Гане Тодоровски, Големиот подвиг на Григор Прличев, во: Македонската книжевност во XIX век, Наша книга, Скопје, 1990, 117, 119

[8]Спореди реакцијата на Димитар Македонски против негирањето од страна на Славејков на потеклото на современите жители во Македонија од античките: „македонците не са ся изгубили от лицето на земята, както си позволяват некой си да казват, защото, до колкото ний знаем, те не са съгрешили некога до толкоз щото да зихне земята и да ги поглътне" (Билярски, № 5).

[9] Писма на Петко Рачев Славейков по унията в Македония през 1874 г., № 4 (5 март 1874, Солун), ЦДИА, ф. 989, оп. 2, а.е. 203, л. 2–3. Оригинал. Ръкопис., http://bg.wikisource.org/wiki/.

[10] Документи 1,271, Речник од три јазика, „место во које живувад народ се вељид отечество од тои народ. Така и Македонциве се народ и местово њивно је Македонија."

[11]Ѓорѓија Пулевски, Славјанско-македонска општа историја, МАНУ, Скопје 2003

и историјата на тој народ започнува во 131 г. после потопот. Македонците се размножуваат и раселуваат до 900 г. пред Хр., во периодот 900 – 148 г. пр. Хр. „имале свои цареви“ (т.е. античката македонска држава), до 395 г. биле под римска власт. Истиот ги смета византиските цареви за словено-македонски (с. 329). Овој македонски народ живеел прво во Азија а во 1400 г. пр. Хр. веќе го населувал поголемиот дел од Балканот (329). Имено овој народ водел борби со Грците околу Троја и така „Грците“ се идентификувани како најстарите епски непријатели на Македонците (с. 3, 42). За него македонските Словени се јавуваат стари полуостровски жители и нивната историја започнува уште од почетокот на Словенскиот род (10).

Србите и Бугари се дојдени на Балканот подоцна од Македонците (што постулира соодветен примат на Македонците како најстари), но сите тие се сметаат за еден народ „со Словените македонски“. Овие народи после ослободувањето од турска власт не создале единствен литературен јазик, туку свои посебни јазици, факт за кој Пулевски особено ги критикува Мизијците (т.е. го критикува создавањето на бугарскиот литературен јазик). Според него сите тие требало да имаат еден литературен јазик и тоа не друг туку „словеномакедонското наречје“, кое макар и да било отфрлено уште во времето на Филип II „ама пак е основано за општ словенски јазик“ (с. 5).

Во интерес на разграничувањето од бугарскиот национализам, освен критиката што создале свој различен од македонскиот литературен јазик, тој ја користи нивната младост (ги нема меѓу древните народи каде ги дава Македонците), тие се подоцнежни дојденци[12] (при што при првото нивно доаѓање дури биле протерани од страна на Македонците, 329) и за разлика од „старовременските македонски Словени“, кои биле чисти Словени без никаква смеса (10, 42 – 45), Бугарите не токму така. Пулевски прави обид да го дисквалификува и бугарскиот јазик, или барем тракиските дијалекти именувајќи ги „арнаутски“ и несловенски.[13]

[12]Всушност желбата на Пулевски е со сите докази да им каже „за секој народност когашен је во оваа страна нека си го знајат“ (с. 329)

[13]Според него во старо време македонското население било од три „наречении“, две од кои се словенски и се во Македонија: (теменидско и пеонидско), а третото е арнаутско, при што овие Арнаути живееле кон Црното море и се македонско население кое во старо време се викало Тракијции (45). Освен тоа опишувајќи населувањето и бегањето на Бугарите од Балканот тврди дека се населиле во Мизија и Загора, „А другите провинции полуостровски со Словени биле заселени тогаш како и сега“ (329)

Во визијата на Пулевски територијата на македонскиот народ е поим еднаков на балканските територии со православно словенско население од реката Лим до Црно Море и од Тесалија до Дунав (44). Така и Србија, а и Бугарија (под која разбира Мизија плус Загора) се во „синорите“ македонски. Овој простор е многу поголем отколку Македонија каква што ќе ја дефинира малку подоцна ВМОРО. Реално само Грците и Хрватите на Балканот се исклучени од „синорите македонски“.

Во времето пред и по Илинденското востание кога ВМРО веќе имала напреднато „со втемелување ... на идејата за македонска татковина“ и независно што „Словените во Европска Турција сеуште немаат високо развиена национална свест, а и онаа малку што ја поседуваат, е скорешна. Немаат страст за нивната националност, туку за нивната земја“, но сепак веќе развиле „вистински локален патриотизам.... наспроти спротивставените околности„ а „нивните балади за бунт во кои зборот „Македонија“ се јавува во секој рефрен, докажуваат дека тие веќе имаат татковина,“[14] имено во тоа време се појавува трудот на Крсте Мисирков „За македонцките работи“,[15] во кој наоѓаме нова и поактуелна верзија за македонската етногенеза.

### *Идеите за етногенезата на Мисирков*

Мисирков прави едно големо отстапување од традицијата на македонистите – се откажува од автохтонизмот. Според него генезата на Македонците започнува со доаѓањето на Словените на Балканот. За разлика од раширената по тоа време теза дека Словените се населиле на Балканот во две посебни групи, според него тие дошле како една народност (100, 101), што претставува веројатно обид да се избегне опасноста Македонците а бидат ставени во иста група со Бугарите. Но сепак меѓу овие хомогени Словени тој издвојува група луѓе која зборува „македонски дијалекти“ и појаснува дека ги нарекува македонски од географската област во која се тие населени.

Макар формално да не ги третира Македонците како оформен народ во средниот век, сепак ги смета за нешто посебно, а од некои места се гледа дека сепак ги третира како „народ“. Тоа се согледува јасно во позицијата дека еден народ може долго да постои без свое име, зашто името му го даваат соседите и служи за разграничување под што мисли имено на повеќе-вековната „безименост“ на Македонците.

[14]Хенри Ноел Брејлсфорд, Македонија, Нејзините народи и нејзината иднина, Скопје, 2003,с. 184, 187
[15]К. П. Мисирков, За македонцките работи, Софија, 1903.

Борбите со *Византија* и *Грцизмот* се јавуваат еден од основните двигатели во развојот на македонската етногенеза. Тие се јавуваат постојаниот непријател на словенството од доаѓањето на Словените на Балканот, непријателство кое не запрело ниту под турско (116, 121). Името Словени го дале Римјаните и Словените го зеле од нив и го користеле да се разграничуваат од Римјаните (115). Тоа било и првото име на луѓето во Македонија (107). Во борба против Византија жителите на Македонија прво се бореле сами и во 6 в. овде создале своја силна држава (116 – 117), и во тој период биле викани Словени. Потоа немоќни сами да издржат на византискиот притисок, побарале потпора и станале сојузници на Бугарите, поради што Византијците – Грци го прошириле името Бугари и врз нив (117, 118).[16] Во 11 – 12 в. луѓето во Македонија неуспешно се бореле да се ослободат со свои сили (иако кренале многу помоќни востанија од бугарското на Асановци – 118). Неспособни сами да се ослободат од Византија тие од 13 в. нашле нов сојузник против неа во лицето на Србите и како резултат биле крстени од Византијците Срби (119, 120). По доаѓањето на Турците бидејќи главни непријатели на Турците биле Србите, а и бидејќи дошло до раскол меѓу крал Марко и кнез Лазар името Срби отпаднало од Македонија, зашто започнало да значи разбојници, и затоа „ние“ сме запреле да го користиме за да не го налутиме агата (121). Под турско од една страна „сме започнале“ да се викаме каури и раја и овие имиња се употребуваат не еднаш во народните песни во етнографско значење (121, 122), а од друга - Грците ги нарекувале сите потчинети на нив балкански Словени – дебелоглави Бугари, име со кое го изразувале својот презир. Резимирано за него: „Турците не признаваа народности, а и Грците со името Бугари ги викаа сите Словени“, и „не ги разликувале словенските народности“ (122). Така Македонците имале 4 дадени им однадвор имиња во минатото, а не едно, што значи дека до пред неколку години немало точно определено „самосознание“ (123). На крај како реакција на српско-бугарската конкуренција за доминација врз Македонците, тие имиња им станале туѓи на Македонците кои започнале да се именуваат со старото географско име на својата татковина Македонија (107). Името Македонци за разлика од останатите е име што самите Македонци си го дале и под кое се бореле и афирмирале и се јавува единственото правилно решение за нив.

[16]Поимот Бугари еволуирал според него од име на Бугарите, потоа име и на нивните сојузници, потоа - на бугарските поданици, за на крај да стане етнографско име на бугарските Словени, а името имало значење и на нешто најдолно грубо варварско (117)

***Ставовите на Васил Ивановски***

Условите на државен и парадржавен терор во следните три децении направиле невозможно издавањето на македонски трудови кои да ја аргументираат самостојноста на Македонците како народ,[17] но со појавата уште на првата иако и скромна возможност такви не задоцниле: во 1934 г. Васил Ивановски (Бистришки) ја напишал својата позната брошура „Зошто ние Македонците сме одделна нација“[18] и истата била раширена и преку илегалниот и легален комунистички печат.

Во ова дело *македонскиот народ* и *Македонија* претставуваат јасно оформени поими, при што и за него како и за Мисирков границите на Македонија низ историјата се оние што ги оцртала ВМРО во крајот на 19 в.[19] Етногенетската формула што тој ја нуди е следната. Македонската нација како и останатите нации се создала од различни племиња, меѓу кои основен елемент бил словенскиот, кој откако се населил во Македонија ги претопил овде затекнатите Илири. Исто и други племиња како Бугари, Срби и некои други зеле учество во етногенезата, но тие се јавуваат безначајни и се претопиле во *Македонските Словени*. Државата на *богомилскиот цар Самуил* не била втора бугарска држава туку „држава на Македонските Словени“ која постоела паралелно со бугарската и српската. Бугарската нација се оформува во Мизија и Тракија на почетокот на развојот на капитализмот и овој процес не се протега на територијата на Македонија што добро се гледа од тоа што бугарското револуционерно движење не ја зафатило Македонија.[20]

[17] Застапувањето на отворено македонски национални идеи можело да биде опасно за животот, Крсте Мисирков бил заплашен по животот (согласно спомените на синот на Мисирков); Како што сведочи Ампов во 1923/4 г. не било можно слободно да се објавуваат трудови на македонска тематика (Владислав Ковачев, Политичкото веруjу на Македонците, Скопје. 2000, 49) а и не било можно да се објави се. Статија за Македонскиот јазик на Мисирков му била одбиена од редакцијата на в. „Мир“ (Блаже Ристовски, Портрети и процеси, 2, Скопје, 1989, с 288. Види и кај: Проф. д-р Веселин Трайков, Кръсте П. Мисирков и за българските работи в Македония, или другия Кръсте Мисирков (Опит за обективна оценка), http://www.promacedonia.org/bugarash/misirkov/zamisirkov.html#5.;„), Христо Татарчев бил жестоко цензуриран при што цензурата ќе му ги избрише 39-те најбитни реда во статијата посветена на МРО и нејзината идеологија (Д-р Христо Татарчев, Македонския въпрос, България, Балканите и Общността на Народите, С. 1996„ 26-29).

[18] Васил Ивановски (Бистришки), „Зошто ние македонците сме посебна нација“, Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и за национална држава, т. 2, Скопје, 1981, 113, 114.

[19] Ги посочува уште во точка бр. 1. Бистришки, Зашто ние Македонците сме посебна нација 2, с.110.

[20] Бистришки, Документи 2, 113, 114

Во 1943 г. Васил Ивановски ќе ја напише тајно првата модерна Историја на македонските народ, во тогаш бугарскиот затвор (Идризово), за време на бугарската окупација.[21] Тука тој е многу поподробен во однос на македонската етногенеза. *Македонци, македонски народ, македонска земја* и *Македонија* се термини кои се разбираат сами по себе и немаат потреба од објаснување. Веќе ја вклучува и античка Македонија, на која гледа од една страна како на „наша најдалечна историја“ и предисторија на македонската нација, а од друга како одбрана против грчките претензии преку древните Македонци да ги прават Грци и денешните Македонци (66). Создателите на древна Македонија не се никакви Грци, туку македоно-илирски племиња, кои организирале своја македонска држава „и го дале името на сегашната македоно-словенска нација, која историски се формира од словенските племиња кои дошле во Македонија по 6 в. со остатоците зачувани во неа од старите македоно-илирски племиња. Тоа е историската врска на македонската нација со далечното минато на Македонија од античките времиња и средните векови.“ Во средниот век можеме да ги бараме корените на македонската нација“ (73). Словените по населувањето во Македонија заедно со затекнатите остатоци од илирските племиња „ја образуваат историската јатка од која подоцна се роди македонската нација“ (66). И тука тој наоѓа изразити разлика во корените на македонската и бугарската нација, зашто последната претставува мешање на Словени во Мизија со хуно-татарски орди. За него од 7 до средината на 9 в. во Македонија постоела „втора македонска држава – Склавинија“, која се борела против Бугарија, или во сојуз со неа против Византија. Нејзиниот пад под бугарска власт при канот Пресијан во 850 г. го започнал судбоносниот процес на испреплетување на македонската со бугарската историја (67). Кирил и Методиј биле македонски Словени, чие дело го спречила обидот на Византија преку грчкото свештенство да го всади грцизмот во Македонија. Македонија се јавува центар и огниште на ова големо општословенско дело кое одовде поминало во Србија и Бугарија (69). Во резултат на литературната дејност на словенските просветители *македонските Словени* отишле толку напред во својот културен и етнички развиток, што меѓу нив се појавил отворен стремеж за отцепување од бугарската држава, за што допринела економската и социјална криза во Бугарија и насилствата на бугарските бољари во Македонија, кои ги обединиле интересите на македонските селани и

[21] Васил Ивановски, Борец за идеалот за слободна и обединета Македонија на Балканот, Историја на Македонија од антиката до АСНОМ, книга прва, ред. Иван Катарџиев, МАНУ, 2014

кнезови против нив и така „се родил познатиот антагонизам меѓу Бугарите и Македонословените“ што се објаснува со спомнатите социјално-економски фактори, но и со етничките разлики. Така се раѓа државата на комит Никола и Самуил, третата македонска држава, нова држава на Македонословените,[22] а не бугарска како што најбесрамно ја фалсификува историската вистина бугарската историографија (70, 71). Од благодарност што ги ослободил од бугарското ропство, населението во Порече го прогласило Никола за светец и му поставило спомен плоча. И по покорувањето на оваа држава од „грчкиот цар Василиј“ судбината  на македонските Словени била различна од онаа на Бугарите – македонските кнезови и духовници си ги зачувале правата и биле само „сојузни вазали“. Уште поголемо значење за одржувањето на етничката самостојност на македонските Словени имала Охридската архиепископија, која не била зачувана како наследник на бугарската црква, туку како „продолжение на самостојна Македонска црква од времето на Јустинијан (VI в.) позната под името Прва Јустинијана“. Востанијата на Делјан и Војтех во 11 в. се „последните појави на македонскиот народ во неговите стремежи за слободен и самостоен живот“(72). Во 12 – 13 в. Македонија поминува под бугарска и српска власт, а во 14 в. – македонскиот народ потпаѓа под турска власт (73). Независно што темелите биле поставени во средниот век македонската нација се создала на крајот на петвековното турско ропство за време на преродбата и навлегувањето на капиталистичките односи „кога започнува вистинското формирање на македонската нација (73, 80-81).

***

Во развојот на идеите за самостојна македонска етничка нација пред 1944 г. се забележуваат две етапи. Во првата онаа на „македонистите“ и Пулевски, која постои пред времето на ВМРО потеклото се изведува од античките Македонци, кои се сметаат за чисти Словени. Притоа опфатот на поимот Македонија не е јасно дефиниран кај нив. Во втората фаза имаме сменета ситуација – границите на Македонија се јасно дефинирани (преку МРО), но за сметка на тоа античка Македонија е во генерала изоставена.Стремежот сега е пренасочен кон докажување на тоа дека во средниот век *македонските Словени* не припаѓале на никој друг народ а во ново време тие се

[22]Ивановски, Борец ...71 „Оваа држава никнува само на македонска земја, ги обединува само македонските Словени и како престолнини ги има само македонските градови Воден, Меглен, Преспа, Охрид

оформуваат веќе и како посебна нација. Времето и причините кога последното се случило се толкуваат различно – крајот на 19 в. како реакција од налетот на националните пропаганди (Мисирков 1903), или со навлегувањето на капиталистичките односи во Македонија во 19 в. (Ивановски 1934). Мисирков ја промовирал идејата за безимено постоење на македонски народ во средниот век до ново време, а Ивановски – за постепен развој на македонските специфики низ средниот век, што овозможило претворање во нација при продорот на капиталистичките односи.

Општото при сите етнонационални обиди за дефинирање на македонската нација е што тие преку инсистирањето на целосно независно потекло дефинираат фундаментална различност со соседните нации, а од таму и на правилните формули за решавање на македонското прашање. Разликите меѓу отделните теории се последици од интелектуалната клима во која тие се појавуваат. На пример во периодот на доминација на прословенската тенденција откакопреку мрежите од училишта со кои соседните национални пропаганди успеале да ја опфатат Македонија(1890-те) била проширено како неспорно мислењето дека античките Македонци не биле Словени доаѓа донивно изоставање од етногенезата. Подоцна марксистичките теории за постанокот и дефинирањето на нациите ќе играат голема улога при обидите да се дефинира и македонската нација (Ивановски).

Овие теории за етногенеза биле изолирани и непознати едни за други и не можеле да си влијаат меѓу себе. Причината за тоа е очигледна. Македонскиот национализам се развива во невообичаено неповолни услови, без сопствени институции, без надворешна поддршка, а во судир со соседските национализми и нивните покровители, кои се стремеле да ја прошират соодветната национална сфера во Македонија.[23] Независно што развојот на македонската национална свест и нејзиното омасовување во првата декада на XX в. не избегала од вниманието на Големите сили,[24] формирањето

[23] Andrew Rossos, Macedonia and the Macedonians: a history, Hoover institution Press, Stanford university, 2008„ 83. Поддршката од големите сили имала големото значење во креирањето и развојот на национална свест на Балканот. Како пример улогата на Австро-Унгарија во развојот на Албанската свест види кај: Teodora Toleva, „Der Einfluss Osterreich-Ungarns aud die Bildung der albanischen Nation 1896-1908", 2013

[24]За неа во тоа време пишува Брејлсфорд во 1906 г. (цитирани страни), види и извештајот на рускиот конзул Петраев од 1907 г. (Rossos, 89).

на македонска национална држава не било од нивен интерес.[25] Тие го гледале реализирањето на својот интерес на Балканот преку веќе создадените таму национални држави и афирмацијата на еден нов и мал национализам како македонскиот противречело на нивните интереси. Стремежот кон оформување на македонска нација не нашла поддршка во ниту една голема сила до 1934 г. и била дочекана крајно негативно од балканските држави, кои претендирале за свое национално проширување во Македонија. Затоа, за разлика од другите национализми на Балканот во Македонија немало услови за создавање на национални институции, пред создавањето на државата. Карактерно е што ретките никулци на македонски национални институции се појавуваат не со поддршка на некоја Голема сила, туку со сопствени македонски сили и таму каде што државната политика едноставно нема да биде непријателска: Белград во последната декада на 19 в. и Петербург меѓу 1902 – 1917, а пак млаката поддршка на Комунистичката интернационала после 1934 г. овозможила појава на одредени весници и никулци на институции.[26] Во такви неповолни околности појавата на трудови кои ја дефинираат генезата на македонската нација е признак за постоење на една силна внатрешна тенденција во Македонија, која успевала да се манифестира независно од крајно спротивставените услови. За тешките услови во кои требало да се пробива оваа тенденција зборува и судбината на главните обиди за дефинирање македонска етногенеза. Трудот на Пулевски од 1892 г. така и не бил отпечатен,[27] оној на Мисирков – бил спален, брошурата на Васил Ивановски е објавена во САД, а неговата Историја на Македонија – пишувана во бугарски затвор и исто така ќе остане необјавена.

[25]Спореди ги на пример позициите на САД и Велика Британија во текот на и непосредно по втората војна во однос на македонската нација и создавањето обединета македонска држава кај Тодор Чепреганов, Политиката на Соединетите Американски Држави и на Велика Британија спрема Македонија во текот на Втората светска војна, Скопје, 2012, 64, 69, 70, 76, 77

[26] Во резултат се појавуваат Петрограсткото литературно другарство (1902), Македонскиот литературен кружок (1938). Но тие така и не наоѓаат поддршка во големите сили, а ниту толеранција кај балканските земји.

[27]Ќе биде издаде дури во 2003 г. во Скопје: Ѓорѓија Пулевски, Славјанско-македонска општа историја, МАНУ, Скопје 2003.